Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 80, 15 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област применета кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област молекуларна биологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез гитара – техника 1“ од доцент Антонијо Китановски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика и (статика)“ од доцент д-р Симеон Симеонов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот мотори со внатрешно согорување“ од доц. д-р Златко В. Совревски и помл. асис. Владимир Тевдов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО/СКРИПТА „ЏЕЗ ГИТАРА – ТЕХНИКА 1“ ОД ДОЦЕНТ АНТОНИЈО КИТАНОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/2009 и 99/2009, 115/2010 и 17/2011 год), а во согласност со точка 6 од правилата за издавање на учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 12), Наставно-уметничкуот совет на Факултетот за музичка уметност на седницата одржана на 16 март 2012 година донесе Одлука бр. 1902-1227 од 16 март 2012 год. за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/скрипта по предметот Матичен инструмент – џез гитара.

За рецензирање на ракописот „Џез гитара – техника 1“ од авторот доц. Антонијо Китановски е избрана Рецензентска комисија составена од следниве рецензенти:

– м-р Сашо Поповски, доцент на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– м-р Александар Секуловски, доцент на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на приложениот ракопис / скрипта „Џез гитара – техника 1“ од авторот доц. Антонијо Китановски, наменет за студентите од насоката Џез гитара – прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентска комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „Џез гитара – техника 1“ од авторот доц. Антонијо Китановски е компатибилен со Наставната програма на предметот Матичен инструмент –џез гитара, што се изучува на насоката Џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на додипломските студии (прв циклус). Предметот е основен предмет на насоката Џез гитара. Се изучува во сите осум семестри и согласно со сите постоечки наставни програми на единицата се вреднува со 8 кредити.

Ракописот е напишан со нотно пимо, како што впрочем се напишани и повеќето скрипти по уметнички наставни содржини на ФМУ, што е една од карактеристиките на оваа единица. Во ракописот се наведени општи препораки во четири под точки, како и вежби за загревање кои се поделени во мелодиски (лева и десна рака) и ритмички вежби, со цел да го водат студентот низ реализацијата на практичната примена на стекнатите знаења и усовршени вештини. Пишаниот материјал ја третира проблематиката на стекнување повисок степен во техничкиот развој на студентите од прва година.

Општите препораки од овој материјал го објаснуваат планот за континуиран развој кај студентот, преку поставување на работни задачи за времетраење на вежбите, а со тоа и стекнување на солидна техничка способност како основа за понатамошен развој. Оваа материја е образложена во четири глави, и тоа: вежби во бавно темпо, релаксираност на рацете, меморија и боја на тонот.

Вежбите за загревање се поставени во насока на унапредување на левата и десната рака на студентот, преку вежби за континуиран развој, преку мелодиски примери од бр. 1 до бр.8., а вежбите за десна рака се во примерите бр.9 и бр.10.

Примерите од бр.11 до бр.14 го третираат ритмичкиот развој на студентот.

Разработениот материјал е во функција на поттикнување на креативноста кај студентот, преку сопствено истражување и користење на материјалот.

Во последниот дел од скриптата авторот дава пример: Престо од Сонатата бр 1 за соло вилина, Ј.С. Бах, во кој се опфатени сите претходно наведени вежби и примери.

Особено плени концизноста при презентацијата на изложените тематски поглавја. Со тоа се поттикнува студентот да ги истражи можностите на овие примери како готов материјал и да ги разработи до степен со кој ќе може лесно да ги применува при креирањето на џез музика. Текстот е податен и користен за студенти со различни нивоа на музички развој и е навистина користен како помагало во прва година на предметот Матичен инструмент - џез гитара.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало/скрипта, претставува извонредна основа за подготовка и усовршување на студентите во делот на практичните изведувачки барања на предметот Матичен инструмент - џез гитара за студентите по џез студии, насока Џез гитара на ФМУ при Универзитетот „Гоце Дечев“ - Штип. Концизно, постапно и експлицитно презентираната проблематика дава голема можност за користење на овој материјал во наставниот процес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез гитара – техника 1“ од авторот доц. Антонијо Китановски дефинира модерен пристап при техничкото оформување на студентот и остава голем простор за индивидуална креативна слобода, што впрочем претставува фундамет при формирање на стил и израз. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Матичен инструмент – џез гитара, што го изучуваат студентите по џез студии, насока Џез гитара, на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Рецензентската комисија предлага ракописот „Џез гитара – техника 1“ од авторот доц. Антонијо Китановски да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од насоката Џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Сашо Поповски, доцент, с.р.**
**М-р Александар Секуловски, доцент, с.р.**